Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-3251/17
20-05-2014 201 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11 15/13 ,148/13 и 28/14) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст) ,врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-3251/8 од 28.04.2014 г. , Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-3251/16 од 13.05.2014 г., Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-3251/15 од 12.05.2014 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**19/2013** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Изложување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост

На основ на Записник од отварање на понуди бр..05-3251/8 од 28.04.2014 г. , Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр. 05-3251/16 од 13.05.2014 г., по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.19/2013, Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-3251/15 од 12.05.2014 г. од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-3251/4 од 30.12.2013г., со примена на постапка со барање за прибирање понуди со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, договорите за јавна набавка за Изложување на објектите со кои стопанисува АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост се доделуваат на :

**За Дел 1** ( Скопје, Тетово, Гостивар, Куманово, Кратово и Делчево)

**„ ГЕОПРИМ ИНЖЕНЕРИНГ " ДОО**
**Бул. „ Јане Сандански " бр.70/2 - Скопје**

**За Дел 2 (** Охрид, Битола, Ресен, Прилеп, Кичево и Македонски Брод)

**,, ГЕО БАЛКАН,, ДООЕЛ**
**Ул. „Питу Гули,, бр.47-б - Битола**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачите чии понуди се избрани за најповолни.
- Понудувач кој поднел прифатлива понуда која не била избрана за најповолна, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договори за доделување на јавна набавка со носителите на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметните договори за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од три дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до:**

- Сектор за економско финански работи и информатика
- Сектор за правни и општи работи
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива